ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО НА

# „ЈП ПАЗАРИ“ БИТОЛА

ЗА 2019 ГОДИНА

ЈП ПАЗАРИ
Битола

# С О Д Р Ж И Н А

1. Основни карактеристики

2. Дејности на работењето од кои се остваруваат приходи.

3.Динамика на структурата на остварениот приход за 2019 година со споредбени податоци за 2018 година

4.Остварен приход по места на наплата со споредбени податоци за 2018година

5.Динамика на остварениот приход по месеци zа 2019 со споредбени податоци за 2018 година

6. Динамика на трошоците zа 2019 со споредбени податоци за 2018 година

7.Динамика на остварен резултат во 2019 година со споредбени податоци за 2018 година

8. Индикатори на работењето.

9. Обврски кон добавувачите и други.

10.Побарувања од купувачи

11. Завршни одредби

## 1. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

При реализирањето на планските задачи зададени со планот за 2019 година, за Јавното претпријатие ‚Пазари"-Битола во 2019 година големо влијание имаа економските, стопанските услови на работење и куповната способност на граѓаните од една страна и понудата на стока која се изложува на пазарот од друга страна. Овие услови директно или индиректно во голема мерка влијаеа на остварување на планираните задачи.

Јавното претпријатие ‚Пазари"-Битола се основа заради вршење на дејност која е услов за животот и работата на граѓаните на територијата на општина Битола, има својство на правно лице кое за превземените обврски во правниот промет одговара со целокупниот имот – целосна одговорност.

ЈП„Пазари"-Битола ја искористи 2019 година за вложување во основни средства за подобрување на условите за работа на Јавното претпријатие, се со цел да му овозможи подобри услови за користење на пазарот на своите коминтенти од една страна, како и на потрошувачите од друга страна..Во 2019 година се инвестираше во поставување на топловоден систем за парно греење во просториите на Управната зграда,се изврши замена на старата и дотраена дограма на дуќаните во Градскиот пазар,се поставија нови ЛЕД светилки на целата површина на градскиот пазар,се инвестираше во поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија за сопствени потреби, комлетно реновирање на тоалетите во Новиот пазар, како и други помали пропратни вложувања .

Со инвестирањето во фотоволтаичните панели, и со нивното успешно пуштање во употреба станавме прво Јавно претпријатие во Р.С.Македонија кое почна да произведува електрична енергија за сопствени потреби.Со ова вложување ЈП„Пазари" се покажа како општествено одговорен субјект кој даде свој придонес во развојот на еколошката свест на нашето општество.

Работењето на ЈП„Пазари"-Битола е од голема важност за функционирањето на Општина Битола, бидејки организира дејност која му овозможува на граѓаните да продаваат и купуваат производи за широка потрошувачка како би ги задоволиле сопствените потреби .

При реализирањето на планските задачи на Јавното претпријатие ‚Пазари"-Битола во 2019 година големо влијание имаа стопанските услови на работење и куповната способност на граѓаните од една страна и понудата на стока која се изложува на пазарот од друга страна. Овие услови директно или индиректно во голема мерка влиаеја на остварување на планираните задачи.

Јавното претпријатие „Пазари"-Битола има свои органи на управување и тоа:

- Управен одбор
- Одбор за контрола на материјално –финансиско работење
- Директор

Секој од овие органи на управување имаат свои права и обврски регулирани со Статутот на претпријатието.





## 2. ДЕЈНОСТИ НА РАБОТЕЊЕТО ОД КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ПРИХОДИ

ЈП “Пазари” своите приходи ги остварува по следните основи:

**а) Изадавање на тезги;**
**б) Издавање на деловен простор;**
**в) Организирање на продажба на стока (добиток) во Сточен пазар;**

а) Приходите од издавање на тезги се остваруваат на следните три начини:

- Закупнина и надзакупнина на тезги на Маас пазар и Градски реонски пазар,
- Наплата на пазаришна такса на Маас пазар и Градски реонски пазар,
- Паушален износ во кој се вклучени закупнината и пазаришната такса на Маас пазар и Градски реонски пазар

б) Приходите од издавањето на деловниот простор се следни:

- Приходи од изадавање на деловен простор на Маас пазар,
- Приходи од изадавање на деловен простор во Сточен пазар,
- Приходи од издавање на деловен простор на Зелено пазарче,

в) Приходите од Сточниот пазар се од наплата на пазаришна такса од влез на стока (крупен и ситен добиток) и вагање на истата.







## 3.ДИНАМИКА НА СТРУКТУРА НА ОСТВАРЕН ПРИХОД ЗА 2019 СО СПОРЕДБЕНИ ПОДАТОЦИ ЗА 2018 ГОДИНА

ТАБЕЛА БР.1

| Р.б | Е Л Е М Е Н Т И | **остварено 2018год** | **планирано 2019год** | **остварено 2019год** | **инд. 19/18 оств.** | **проц. на уч.** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Прих. од прод. на усл. на домаш. пазар | 16869491 | 17025000 | 15965206 | 95 | 67,92 |
| 2. | Приходи од наемнина | 7441294 | 7000000 | 7452568 | 100 | 31,71 |
| 3. | Приходи од отпис на обврски | 24092 | 20000 | | | 0,00 |
| 4. | Вондредни и др.вонред.приходи | 17388 | 115000 | 76419 | 439 | 0,33 |
| 5. | останати приходи и камати | 23205 | 140000 | 10000 | 43 | 0,04 |
| | ВКУПНО | 24375470 | 24300000 | 23504193 | 96 | 100,00 |




Вкупен приход за 2019 година со споредбени показатели

Основната дејност ЈП”Пазари” ја обавува од наплата на приходите од продажба на услуги на домашен пазар и наплата на наемнини. Движењето на приходите од основната дејност во табела бр.1 се евидентирани под реден број 1 и 2. Приходите под реден број 3,4 и 5 се менливи категории и не зависат во целост од редовното работење.Тука влегуваат приходите од наплатени отпишани побарувања, приходите од поранешни години, приходите по основ на осигурување и друго кои влегуват со само 0,37 % од Вкупниот приход. Од последните две колони во табелата бр.1 можите да го видите односот на остварените приходи во 2019 и 2018 година, како и процентуалното учество на секој од приходите во вкупниот приход во 2019 година. Во табела бр.1 се прикажани споредбени податоци на планираните и остварените приходи во 2019 и 2018 година.

Од табела бр. 1 се гледа дека вкупните приходи се намалени за 4% што главно се должи на намалената понуда на земјоделски производи на пазарот во 2019 година за разлика од 2018 година.И покрај ваквата состојба со приходите ЈП„Пазари”-Битола оствари позитивен финансиски резултат.

.





## 4. ОСТВАРЕН ПРИХОД ПО МЕСТА НА НАПЛАТА

ТАБЕЛА БР. 2

| **Ред. Бр.** | **Е Л Е М Е Н Т И** | **О с т в а р е н о** | | **индекс 19/18** | **проц. на учес. 2019** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **2018год** | **2019год** | | |
| | | | | | |
| **1.** | Пазаришна такса | 3947848 | 3558607 | 90 | 15 |
| **2.** | Паушал | 9078275 | 8562180 | 94 | 37 |
| **3.** | Закупнина и надзакупн. на тезги | 2939490 | 2945962 | 100 | 13 |
| **4.** | Саточен Пазар | 903878 | 898457 | 99 | 4 |
| **5.** | Закупнина на деловен простор | 7441294 | 7452568 | 100 | 32 |
| | ВКУПНО | 24310785 | 23417774 | 96 | 100 |




Во табела број 2 имаме подетален приказ на приходите по вид на наплата. Поточно приходите од основната дејност (приходи од продажба на производи и услуги на домашен пазар-прикажани во табела бр. 1 ставка 1) ги сочинуваат: приходите од пазаришна такса- табела бр.2-реден број 1, приходите од наплата на паушал-табела бр.2-реден број 2, приходи од закупнина и надзакупнина табела бр.2-реден број 3, приходи од сточен пазар-табелабр.2-реден број 4 и приходи од закупнина на деловен простор(табела бр.1 ставка 2) прикажани во табела бр.2- реден број 5. Во последните две колони од табела бр.2 можете да го видите односот на остварените приходи во 2019 и 2018 година како и процентуалното учество на секој од приходите по носители во 2019 година.

## 5.ДИНАМИКА НА ПРИХОДИТЕ ПО МЕСЕЦИ

ТАБЕЛА БР.3

| | О С Т В А Р Е Н О 2018година | | | | | О С Т В А Р Е Н О 2019 | | | | | инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **М** | **Пауш.** | **Такса** | **Резерва** | **С.Паз.** | **Вкупно** | **Пауш.** | **Такса** | **Резерва** | **С.Паз.** | **Вкупно** | **19/18** |
| **1** | 523119 | 219444 | 150889 | 68217 | 961669 | 384829 | 122810 | 36245 | 28177 | 572061 | 59 |
| **2** | 499796 | 213128 | 144436 | 59856 | 917216 | 526449 | 222806 | 159956 | 61050 | 970261 | 106 |
| **3** | 742174 | 258070 | 175557 | 88810 | 1264611 | 715343 | 261816 | 229783 | 68571 | 1275513 | 101 |
| **4** | 660980 | 249278 | 209611 | 53322 | 1173191 | 666862 | 275451 | 178671 | 76104 | 1197088 | 102 |
| **5** | 903802 | 301774 | 168520 | 99382 | 1473478 | 933582 | 285658 | 220304 | 71400 | 1510944 | 103 |
| **6** | 943745 | 394480 | 205693 | 68055 | 1611973 | 946069 | 278420 | 288552 | 44349 | 1557390 | 97 |
| **7** | 914119 | 374068 | 354102 | 82303 | 1724592 | 915370 | 304607 | 219851 | 84576 | 1524404 | 88 |
| **8** | 785132 | 395270 | 328605 | 56969 | 1565976 | 670950 | 370068 | 377431 | 66107 | 1484556 | 95 |
| **9** | 823882 | 460824 | 300077 | 40782 | 1625565 | 721218 | 402393 | 320795 | 60642 | 1505048 | 93 |
| **10** | 786254 | 470039 | 222198 | 129438 | 1607929 | 657879 | 418692 | 256771 | 58481 | 1391823 | 87 |
| **11** | 769285 | 352962 | 272374 | 78279 | 1472900 | 623526 | 349956 | 253675 | 138265 | 1365422 | 93 |
| **12** | 725987 | 258511 | 407428 | 78465 | 1470391 | 800103 | 265930 | 403928 | 140735 | 1610696 | 110 |
| | | | | | | | | | | | |
| **Вк.** | 9078275 | 3947848 | 2939490 | 903878 | 16869491 | 8562180 | 3558607 | 2945962 | 898457 | 15965206 | 95 |

Табела бр.3 претставува продолжение на табела бр.2 во која приходите се прикажани по месеци и по вид на наплата .





# 6.ДИНАМИКА НА ТРОШОЦИТЕ

ТАБЕЛА БР.4

| Р.б | | ЕЛЕМЕНТИ | 2018 | 2019 | инд. | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| бр. | | | | | 19./18 | 2019. |
| 1 | 401 | Пот.материјали (канцелариски и суровини) | 297803 | 234684 | 79 | 1,04 |
| 2 | 403 | Потрошена енергија(ел.енер, бензин, дрва) | 914624 | 881416 | 96 | 3,90 |
| 3 | 407 | Отп.на ситен инвентар | 33161 | 141200 | 426 | 0,62 |
| 4 | 411 | Трошоци за ПТТ услуги (телеф. и интернет усл.) | 154560 | 170185 | 110 | 0,75 |
| 5 | 413 | Услуги за одржување(тековни,хигиена и возила | 262065 | 330230 | 126 | 1,46 |
| 6 | 4150 | Трошоци за вода | 464150 | 410372 | 88 | 1,81 |
| 7 | 4151 | Трошоци за губре | 627739 | 616212 | 98 | 2,72 |
| 8 | 4158 | Ветеринарни,санитарни и слични услуги | 139071 | 117364 | 84 | 0,52 |
| 9 | 417 | Трошоци за реклама и пропаганда | 137090 | 49859 | 36 | 0,22 |
| 10 | 419 | Останати услуги (регистрација и огласи) | 59446 | 69812 | 117 | 0,31 |
| 11 | 41990 | Усл. за агенции за враб.,здравстени и интелект. услуги | 21540 | 527897 | 2451 | 2,33 |
| 12 | 421 | Вкалкулирани плати | 15345534 | 15129545 | 99 | 66,88 |
| 13 | 422 | Ост. трош.за враб.(отпрем,регрес,јубил.наг.) | 759058 | 711740 | 94 | 3,15 |
| 14 | 430 | Амортизација | 2106461 | 1246330 | 59 | 5,51 |
| 15 | 440 | Надомест на трош. на вработени(дневн.,ноќев,превоз) | 42921 | 85765 | 200 | 0,38 |
| 16 | 441 | Трошоци за стручно образование и систем.прегледи | 17300 | 11695 | 68 | 0,05 |
| 17 | 4419 | Останати надоместоци на вработени | 548888 | 287779 | 52 | 1,27 |
| 18 | 442 | Непроизв. ус.(трошоци за У.О.) | 619982 | 573334 | 92 | 2,53 |
| 19 | 443 | Трошоци за спонзорства | 390814 | 488116 | 125 | 2,16 |
| 20 | 444 | Трош.за репрезентација | 111350 | 113582 | 102 | 0,50 |
| 21 | 445 | Премии за осигурување | 108210 | 47391 | 44 | 0,21 |
| 22 | 4461 | Банкарски услуги | 57627 | 63966 | 111 | 0,28 |
| 23 | 4470 | Данок на имот и права | 12313 | 11963 | 97 | 0,05 |
| 24 | 4477 | Членар. за комори и трошоци за РТД,надом.за бан.ус. | 44068 | 68332 | 155 | 0,30 |
| 25 | 44905 | Административни,судски и нотарски услуги | 2730 | 95988 | 3516 | 0,42 |
| 26 | 4497 | Други нематериј. трош.(книги,дневни и неделни вес.) | 116714 | 68049 | 58 | 0,30 |
| 27 | 4499 | Останати трошоци од работењето | 10000 | 10000 | 100 | 0,04 |
| 28 | 466 | Вредносно усогласување на крааткорочни побарувања | | 250 | 0 | 0,00 |
| 29 | 4690 | Трош. за спорови,суд.и адм.такси и ост.трош.од работ. | 85726 | 57206 | 67 | 0,25 |
| 30 | 4740 | Камати за нематеријални и материјални вложувања | 91440 | 279 | 0 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | | ВКУПНО | 23582385 | 22620541 | 96 | 100,0 |

Од табела бр.4 може да се види дека трошоците за 2019 година се намалени за 4% во однос на 2018год, што главно се должи на рационално користење на средствата кои ни беа на располагање во текот на 2019 година.Се трудевме максимално да ги намалиме трошоците за да можеме да обезбедиме позитивен финансиски резултат..Во последните две колони од табела бр.4 можете да го видите процентуалното учество на секој од трошоците во вкупните трошоци ,како и односот на трошоците во 2019 и 2018 година.

## 7. ДИМАМИКА НА ОСТВАРЕНИОТ РЕЗУЛТАТ ЗА 2019 ГОД.

ТАБЕЛА БР.5

| Р. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | О С Т В А Р Е Н О | |
|---|---|---|---|
| | | **2018 год.** | **2019 год.** |
| **1.** | Вкупен приход | 24.375.470,- | 23.504.193,- |
| **2.** | Вкупно расходи | 23.582.385,- | 22.620.541,- |
| **3.** | Доб.пред.оданочување | 793.085,- | 883.652,- |
| **4.** | Загуба пред оданочување | | |
| **4.** | Данок од добивка | 172.682,- | 176.799,- |
| **5.** | Добивка по оданочување | 620.403,- | 706.853,- |
| **6.** | Законска резерва | 31.020,- | 35.343,- |
| **7.** | Државен капитал | 589.383,- | 671.510,- |
| **8.** | Загуба од финансиска год. | | |
| **9.** | Акумулирана добивка | 589.383,- | 671.510,- |

Горната табела ја прикажува структурата и распределбата на деловниот резултат во 2018 и 2019 година. По пресметаниот данок од добивка , добивката по оданочувањето се распределува на законска резерва (5%) и акумулирана добивка (95%) во 2019 година.Од табела бр. 5 се гледа дека во 2019 година имаме остварено добивката по оданочување од 706.853,- со што се потврдува успешното работење на ЈП„Пазари" во 2019 година.

## 8. ИНДИКАТОРИ НА РАБОТЕЊЕТО

ТАБЕЛА БР.6

| Р. бр | Е Л Е М Е Н Т И | О С Т В А Р Е Н О | |
|---|---|---|---|
| | | 2018 год. | 2019 год. |
| **1.** | Продуктивност (вк.прих./Вк.бр.враб) | 625.012 | 602.672 |
| **2.** | Економичност (вк.прих./вк.расходи) | 1.034 | 1.04 |
| **3.** | Рентабилност (добивка /вк.расходи) | 0.034 | 0.04 |

Индикаторите на работењето се пресметани со 39 работници за 2018 и 2019 година.

## 9. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИТЕ И ДРУГИ

ТАБЕЛА БР:7

| Р. бр | Е Л Е М Е Н Т И | О Б В Р С К И | |
|---|---|---|---|
| | | 2018 | 2019 |
| **1.** | Обврски кон добавувачите | 301.303,- | 416.629,- |
| **2.** | Кредити од банка – за инвестиции | / | / |
| **3.** | Кредити од банки – за ликвидност | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.** | Вкупно обврски | 301.303,- | 416.629,- |

Од табелата бр.7 може да се забележи движењето на обврските кон добувувачите во 2018 и 2019 година.

## 10. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

ТАБЕЛА БР.8

| **Р. бр.** | Е Л Е М Е Н Т И | П О Б А Р У В А Њ А | | индекс 19/18 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2018 | 2019 | |
| **1.** | Побарувања од купувачи | 2.660.059,- | 2.356.062,- | 99 |
| **2.** | Сомнителни и спорни побарувања | 3.034.210,- | 3.034.210,- | 100 |
| | | | | |
| | ВКУПНО: | 5.694.269,- | 5.390.272,- | 99 |

Од табела бр. 8 се гледаат побарувањата од купувачите во 2018 година и 2019 година.

11.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

ЈП„Пазари” во 2019 година оствари добивка во износ од 883.652,-пред одданочување.По одбивањето на данокот од добивката и законската резерва остварена е акумулирана добивка од 706.853,- денари,што преставува зголемување на добивката во споредба со 2018 година.

ЈП „Пазари“ и во иднина ќе се труди да вложува во основни средства и да остварува позитивни финансиски резултати во своето работење преку подобрување на условите за продажба на нашите корисници на услуги, со што би дошло до зголемување на приходите од работењето од една страна и рационализација на трошоците односно нивно намалување од друга страна.

Битола,
АПРИЛ 2020 год.

Директор

____________________

м-р Атанасовски Владо